Врз основа на Закон за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014 и 139/2014 ) член 235 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004; 84/2005; 25/2007; 87/2008; 42/2010; 48/2010; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013, 120/2013, 38/2014, 41/2014, 138/14, 88/15, 192/15, 217/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18, 239/18, 290/20, 215/21 и 99/22), член 19 од Друштво за организирање електронски игри на среќа- Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје, Правилникот за условите начинот и постапката за склучување на Договор за деловна соработка за услуги за обезбедување закуп на системски софтвер за ВЛТ терминали со вклучена содржина на игри “GAME CONTENT” број 02-16/2 од 16.01.2024 година, и Одлуката за спроведување на постапка за Јавен повик од 25.01.2024 година, Нова Државна Видео Лотарија- НОВО ВЛТ ДОО Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 01/2024
# ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА ЗА УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗАКУП НА СИСТЕМСКИ СОФТВЕР ЗА ВЛТ ТЕРМИНАЛИ СО ВКЛУЧЕНА СОДРЖИНА НА ИГРИ “GAME CONTENT”

## I. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Се објавува јавен повик за доставување на понуди за доделување на Договор за деловна соработка за услуги за обезбедување на закуп на системски софтвер за ВЛТ терминали со вклучена содржина на игри (game content).

Нова Државна Видео Лотарија ДОО Скопје (НОВО ВЛТ) ги повикува заинтересираните домашни и/или странски компании (Понудувач) да достават понуда за деловна соработка заради имплементација на системски софтвер и играчки содржини за електронски игри на среќа на локации кои ги организира НОВО ВЛТ во соработка со своите деловни соработници.

НОВО ВЛТ е одговорна за избор на Понудувач и НОВО ВЛТ е директна договорна страна во Договорот кој ќе биде потпишан.

Избраниот Понудувач се обврзува да соработува со деловните соработници на чии локации НОВО ВЛТ организира електронски игри на среќа, со добавувачот/производителот на видеолотариските терминали, како и со сите соработници со кои НОВО ВЛТ има склучен, или во иднина ќе склучи договор за деловна соработка за некој друг сегмент кој се однесува на интегрираната видеолотариска средина.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Право да учествува на јавниот повик има секое заинтересирано домашно и/или странско правно лице – понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот.

Понудувачот треба да ги исполнува условите од јавниот повик, самостојно, заедно или врз основа на пренесено право со/од други правни лица каде постои капитална поврзаност од 100 % (друштво, групи на друштва, подружници, или правни субјекти основани во земја членка на ЕУ или во Република Северна Македонија и кои истото ќе го докажат со решение за основање, извод од трговски или судски регистар, или друг соодветен правен акт како доказ за капиталната поврзаност).

Друштвата со кои Понудувачот е капитално поврзан со соодветна изјава и/или договор му го пренесуваат правото како носител на правото за исполнување на условите од јавниот повик.

Понудувачот може да учествува само со една понуда.

Доколку Понудувачот не исполнува било кој од наведените услови во овој повик, неговата понуда ќе биде отфрлена.

## III.УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА

За да учествува во постапката за избор на деловен соработник за доделување на договорот неопходно е понудувачот да исполнува општи, технички и посебни услови.

Понудувачот мора без исклучок да ги исполнува сите услови.

Понудувачот е обврзан да достави понуда за системски софтвер за видеолотариски терминали и играчки содржини (game content), за ВЛТ терминалите кои се веќе набавени.

Техничката спецификација на набавените терминали, заинтересираниот Понудувач може да ја добие по електронски пат, доколу претходно испрати барање на office@novovlt.mk

Во рамки на функционалното, техничкото и оперативното одржување, Понудувачот се обврзува да го прилагодува системскиот софтвер, играчките содржини и техничките карактеристики исто така и на видеолотариските терминали кои би биле набавени во иднина од страна на НОВО ВЛТ.

## III.1. ОПШТИ УСЛОВИ

За да учествува во јавниот повик, заинтересираниот понудувач треба да докаже дека е способен за извршување на бараната услуга со доставување на документи за:

- Лична состојба;
- Техничката или професионалната способност;
- Доказ за сопственост или право на користење и/или давање на предметот на набавка во закуп.

**III.1.1. Документи за докажување на лична состојба**

-Да е запишан во Централниот регистар на Република Северна Македонија за соодветната дејност/ Доказ дека е регистриран за вршење на дејност поврзана со предметот на Јавниот повик согласно со прописите на земјата каде што е регистриран;

- Изјава на Понудувачот дека не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација од надлежен орган;
- Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде понудувачот е регистриран;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно- приватно партнерство;
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- Потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.
- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на одговорните лица во правните лица (Понудувач) дека не му е изречена споредна казна, привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност.

Документите не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од нотар.

НОВО ВЛТ го задржува правото да побара дополнителни информации директно од Понудувачот или од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.

**III.1.2. Технички и професионални услови**

Понудувачот кој е заинтересиран да склучи Договор за деловна соработка со НОВО ВЛТ за закуп на пакет системски софтвер за ВЛТ терминали со вклучена содржина на игри (“game content”) потребно е да ги исполнува следните минимални технички услови:

- Со соодветна документација да обезбеди доказ за сопственост или право на користење и/или давање во закуп на системскиот софтвер за ВЛТ терминали со вклучена содржина на игри (“game content”);
- Да го стави на располагање софтверот со најмалку 40 играчки содржини и да обезбедува ажурирање на серверот и библиотеката на игри со можност за додавање на нови игри одобрени во Република Северна Македонија;
- Да обезбеди мерлива и модуларна градба на системот со висока достапност која овозможува идна експанзија и технолошки напредоци со цел да се минимизираат застои и пречки во функционирањето;
- Имплементација на безбедносни мерки, вклучително енкрипција, протоколи за безбедносна автентикација и редовни безбедносни ревизии за да се заштити играчот

и трансакциските податоци;

- Да обезбеди стандардизирани програмски интерфејс апликации (API) за да се олесни и овозможи непрекина интеграција со системи од трети страни, како наплатни центри (payment gateways), продавачи и алатки за известување;
- Да одржува примарен и објект за резервна копија кој ќе ги чува сите доверливи информации и податоци; Целосна усогласеност со важечките релевантни прописи за електронски игри на среќа, односно видеолотарија, преку обезбедување на неопходни сертификации и одобренија;
- Сеопфатен механизам за поддршка, вклучително поддршка за помош (helpdesk support), решавање проблеми и ажурирања на систем;
- Редовни ажурирања и надградби на системот за да се инкорпорираат нови карактеристики, безбедносни исправки (patches) и технолошки напредни решенија;
- Сите софтвери за игри да поседуваат генератор на случајни броеви одобрени и сертифицирани од призната независна меѓународна лабораторија (наведена подолу), за што треба да се приложи валиден сертификат:

  1. eCOGRA, United Kingdom
  2. NMi Metrology & Gaming Limited, UK
  3. GLI Austria GmbH, Austria
  4. GLI Europe B.V., The Netherlands
  5. QUINEL SA, CH
  6. iTech Labs, Italia
  7. Gaming Associates Europe Limited, London, UK
  8. Gaming Associates UK Limited, UK
  9. SIQ, Slovenija
  10. BMM SPAIN TESTLABS, S.L.U., Spain

### III.1.3. Документи за докажување на сопственоста односно право за располагање со предметот на закуп

Понудувачот треба да достави документи од кои недвосмислено ќе се утврди дека поседува право на сопственост односно право на располагање сопственост или право на користење и/или давање на предметот во закуп.

### III.1.4 Функционални услови

Клучните функционални услови кои треба да ги исполнува видеолотарискиот софтверот на Понудувачот вклучуваат**:**

- Широк спектар игри на среќа со иновативни карактеристики за да ги задоволи различните преференции на играчите;
- Систем за управување со кориснички сметки, вклучително создавање сметки, автентикација и механизми за авторизација;

- Следење и известување во реално време за видео лотариските активности, овозможувајќи непосреден увид во прометот, однесувањето на играчите и системскиот перформанс;
- Можности за конфигурација на различни типови џекпоти и бонус програми според потребите на НОВО ВЛТ;
- Заради имплементација на безбедна и етичка играчка средина системот да поседува карактеристики за одговорно играње како можности за самоисклучување и лимити за трошење;
- Интуитивен и визуелно привлечен играчки интерфејс кој го подобрува искуството во играта на начин што ја оптимизира навигацијата за лесен пристап до игрите, управување со сметка и поддршка;
- Специфична техничка обработка на податоци за идентификација, кое треба да биде во целост компатибилно со видеолотариските терминали кои се, или кои во иднина ќе бидат набавени, а кое на играчите ќе им овозможи безбедна автентикација без физички токени или картици;
- Реализација на безготовински трансакции на видолотариските терминали;
- Сеопфатна административна конзола со карактеристики за известување, управување со систем и контроли за пристап базирани на улогите заради обезбедување безбеден и авторизиран пристап до системските функционалности;
- Можност за интегрирано поврзување со каса заради реализација на исплати;
- Да има вграден извештаен модул на кој во реално време може да се генерираат извештаи за потребите на оперативното и сметководственото работење;
- Да постои можност за следење на online статусот на машините преку касата и да овозможува следење на комуникацијата помеѓу локалниот и централниот сервер;
- Да обезбеди сите игри да имаат капацитет да ја продолжат тековната игра со сите моментални карактеристики на играта по отстранување на дефектот на игра;
- Да обезбеди да се снимаат сите активности за обработка, активности за обработка на играта (играње, појава на добивки, други трансакции поврзани со играта, услови за грешка и пораки од оперативниот систем);
- Да обезбеди случајност за време на играње на игра, односно НОВО ВЛТ бара од Избраниот Понудувач да ги складира резултатите од играта со цел да спроведе периодично тестирање на случајност врз основа на резултатот;
- Да обезбеди ВЛТ слот- системот да одржува интерен часовник кој точно го одразува тековното време (во часови, минути и секунди) и да обезбеди следење на трансакциите во реално време.

**Нема да биде разгледувана понудата на правно лице за кое ќе се утврди дека по било кој основ има неплатени обврски спрема Нова Државна Видео Лотарија.**

## III.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ

За да учествува во јавниот повик, заинтересираниот понудувач, треба задолжително да ги исполнува следните посебни услови:

- да има најмалку еден тековен клиент, без разлика дали е клиентот е во претежно државна или приватна сопственост, кого го снабдува со продукти и/или услуги од

доменот на електронски игри на среќа заедно со услуги на оперативна подршка, за период од најмалку 1 (една) година;
- услугите предвидени во точка 1 да ги извршува најмалку 10 години;
- бројот на локации на кои се приредуваат услугите од точка 1 да не е помал од 1.500;
- бројот на поставени видеолотариски терминали каде што се приредуваат услугите од точка 1 да не е помал од 40.000;
- да ги извршува услугите од точка 1 на регулиран пазар најмалку во 5 држави во светот;
- да овозможува користење на горенаведените услуги за играње за реални парични средства.

Докажувањето на посебните услови се врши со приложување на референтна листа на активни клиенти за кои се исполнети горенаведение условите, односно со соодветни изјави потпишани од одговорното лице кај понудувачот.

Понудувачот треба да обезбеди примерок за тестирање на видеолотарискиот систем и играчките содржини кои ќе бидат достапни во текот на евалуација на пристигнатите понуди.

## IV. ОБВРСКИ НА ИЗБРАНИОТ ПОНУДУВАЧ

Избраниот Понудувач се обврзува да му ги стави на располагање услугите предмет на Договорот за деловна соработка на Нарачателот (НОВО ВЛТ).

Избраниот Понудувач одговара за квалитетот на предметот на закуп и гарантира дека има лиценцни права и/или право на интелектуална сопственост врз истите.

Избраниот Понудувач се обврзува да го предаде предметот на закуп во состојба на работна подготвеност со што во исто време ќе превземе одговорност за случајноста и ризикот кој произлегува од работењето;

Избраниот Понудувач се обврзува функционирањето на играчките содржани во целост да го усогласи со законската регулатива во Република Северна Македонија, во рок не подолг од 30 (триесет) дена од потпишувањето на Договорот за деловна соработка;

Избраниот Понудувач задолжително треба да поседува сертифициран Генератор на случајни броеви (RNG) кој се користи кај понудените играчки содржини предмет на овој Јавен повик.

Избраниот Понудувач е должен да му го стави предметот на закуп во исправна состојба и со писмени упатства за начинот на употреба вклучувајќи инсталација, конфигурација, администрација и други карактеристични својства на предметот на закуп како и правила на игра и кориснички упатства за секоја игра поединечно.

Избраниот Понудувач ги става на располагање на НОВО ВЛТ софтверски ажурирања и ажурирања на сервер и библиотеката на игри, со редовно додавање од одобрените игри во Република Северна Македонија за ВЛТ терминали од достапното портфолио на игри од закуподавачот, при што нема да се пресметува посебен надоместок за закуподавачот во склад со законските директиви и правни насоки во толкава мера што е потребно за типична и уредна, редовна употреба на предметот на закуп.

Избраниот Понудувач има обврска да изврши бесплатно усогласување на предметот на закуп со законската регулатива на Република Северна Македонија, на барање на закупопримачот или на сопствена иницијатива со претходно известување на закупопримачот, во разумно време од датумот на донесување на законската измена.

Избраниот Понудувач е должен да набави централен сервер кој ќе биде поставен на локација определена од НОВО ВЛТ и кој во целост ќе одговара и ќе соодвествува со функционалностите на системот за видеолотариски терминали и софтверот за играчки содржини кои самиот ги понудува.

Избраниот Понудувач е должен да обезбеди неопходна компјутерска, периферна, мрежна и електрична опрема за техничко-технолошко опремување и оспособување на локациите на кои ќе бидат поставени видеолотариските терминали согласно спецификација на опремата од НОВО ВЛТ.

Со потпишување на Договорот за деловна соработка, централниот сервер се пренесува во трајна сопственост на НОВО ВЛТ, додека компјутерската, периферната, мрежната и електрична опрема за техничко-технолошко опремување се дава на користење за времетраење на Договорот.

Избраниот Понудувач е обврзан да обезбеди целосно 24/7 поддршка на серверот и анализа на работата односно се обврзува да започне во соодветно време со брзо отстранување на грешките по редоследот на приоритети на пречка за да ги ограничи времињата при пад на системот што настанат и во континуитет на минимум.

Избраниот Понудувач е должен да одговори веднаш, а не подолго од 5 дена на повикот од страна на закупопримачот за потребата од отстранување на грешки во софтверот за играчка содржина. Грешка во софтверот е она однесување на софтверот кое е во спротивност со начинот на делување, опишан во упатствата за начинот на употреба или во други јавно достапни документи кои се однесуваат на предметот за закуп.

Избраниот Понудувач се обврзува да ги упати односно обучи на лице место Деловните соработници (или лицата назначени од нив) на НОВО ВЛТ, како правилно да ракуваат и управуваат со предметот на закуп. Трошоците за упатувањето и обуката се на товар на Избраниот Понудувач;

Избраниот Понудувач се обврзува дека доколку дојде до раскинување на Договорот за деловна соработка целосно да соработува во процесот на примопредавање на сите релевантни средства, податоци и документација на НОВО ВЛТ и на евентуалниот нов избран понудувач, со цел да се олесни преносот до алтернативно решение или провајдер на услуга.

Избраниот Понудувач задолжително се обврзува во континуитет да ги превзема сите неопходни мерки и активности со цел минимизирање на ризиците поврзани со закупот на играчките содржини, односно за минимизирање на ризиците кои произлегуваат од игрите кои се приредуваат, финансиските ризици и ризиците поврзани со употребуваните информатички технологии.

## V. НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ И ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА

Понудата за доделување на договор за деловна соработка за услуги за обезбедување на закуп на системски софтвер за ВЛТ терминали со вклучена содржина на игри треба да биде во писмена форма, во 1 (еден) оригинален примерок, преку пошта или со доставување во архивата на Нова Државна Видео Лотарија. Адреса за доставување на понудите е: Нова Државна Видео Лотарија, ул. 50та Дивизија бр. 24 А Скопје.

Постапката за склучувањето на Договор за деловна соработка ја спроведува Комисија за склучување на договори за деловна соработка.

Рокот на важење на понудите е 6 (шест) месеци од денот на поднесување на понудата и истиот е задолжителен.

Понудата треба да содржи два одвоени коверти- Понудата во посебен затворен плик, и другата документација се доставуваат во затворен плик со ознака „НЕ ОТВАРАЈ“ и со назнака „За јавен повик за деловна соработка“ и бројот на повикот.
Понудата се доставува во 1(еден) оригинален примерок, кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

Пристигнатите понуди се отвараат без присуство на понудувачите.

Комисијата, пред да пристапи кон разгледување и оценување на понудите, ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата.

При оценување на понудите, Комисијата ја проверува нивната содржина, исправност, соодветност и прифатливост.

Понудувачите кои поднеле некомлетна и невалидна документација, се исклучуваат од постапката и нивните понуди нема да се разгледуваат.

Неисправните, несоодветни и неприфатливи понуди, Комисијата ги одбива и за тоа ги известува понудувачите. За текот на состанокот се води Записник. Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Финансиската понуда треба да е потпишана од одговорно лице на Понудувачот.

Крајниот датум за доставување на понудите е 19.02.2024 година до 16:00 часот.

## VI. КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Критериумот за избор на најповолна понуда за обезбедување на целосна техничко-технолошка поддршка со закуп на играчки содржини (game content) за мрежата од видео лотариски терминали е понудениот најнизок процентуален износ на разликата помеѓу уплатата и исплатата на средствата од учесниците во играта на среќа, а по одбиените давачки спрема Република Северна Македонија согласно законските основи.

Доколку двајца или повеќе понудувачи достават иста понуда а воедно ги исполнуваат условите за учество во јавниот повик во целост, предност ќе има понудувачот кој прв ја доставил понудата.

Против Одлуката, незадоволниот учесник на јавниот повик може да изјави приговор, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставување на известувањето за изборот.

Приговорот во писмена форма се доставува преку Комисијата што ја водела постапка до Собирот на содружници на Нова Државна Видео Лотарија.

По конечноста на Одлуката за исполнување на условите за деловна соработка, избраниот учесник на јавниот повик е должен да склучи Договор за деловна соработка, најдоцна во рок од 30 дена од денот на доставување на Одлуката.

## VII.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

За регулирање на односите помеѓу НОВО ВЛТ и Избраниот Понудувач се склучува Договор за деловна соработка за период од 10 години со можност за продолжување на истиот, кој се солемнизира кај нотар, на трошок на Избраниот Понудувач.

Договорот се продолжува автоматски доколку една од Договорните страни не достави еднострана изјава за раскинување најдоцна 3 месеци пред истекот на перидот за кој што е склучен.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Избраниот понудувач се обврзува да обезбеди банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во износ од 100.000 ЕУР, и тоа во рок од 8 (осум) дена од потпишување на овој договор со важност од 5 (пет) години и 14 (четиринаесет) дена, со обврска за обнова во зависност од времетраењето на Договорот, на начин и услови дефинирани во Договорот.

Со банкарската гаранција, Избраниот Понудувач гарантира квалитетно извршување на предметот на Договорот и извршување на договорните обврски во специфицираните временски рамки и рокови согласно обврските кои произлегуваат од одредбите на овој Јавен повик.

Избраниот Понудувач има обврска да ја обновува банкарската гаранција на секои 5 (пет) години, за целото времетраење на Договорот.

Доколку Избраниот Понудувач не ја достави обновената банкарска гаранција најдоцна 14 (четиринаесет) дена пред истекот на активната, НОВО ВЛТ има право да ја наплати активната банкарска гаранција и да го раскине Договорот.

Услов за полноважност на Договорот е обезбедување на банкарска гаранција за да предметниот договор стапи на сила.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Нова Државна Видео Лотарија го задржува правото да:

• Ја прекине иницираната постапка или да ги измени почетните услови;

• Побара дополнителни појаснувања и/или дополнувања на понудите;

• Потпише Договор за деловна соработка со следниот рангиран понудувач доколку од која било причина не се потпише Договор со прворангираниот во рок од 30 дена од денот на одлуката за избор на понудувач;

• Не избере ниедна од пристигнатите понуди без да ја образложува таквата одлука

## X. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За добивање на дополнителни информации, заинтересираните можат да се обратат до Нова Државна Видео Лотарија, на е-маил адресата: office@novovlt.mk.

НОВО ВЛТ ќе ги достави дополнителните информации до заинтересираните најдоцна 3 (три) работни дена од денот на побараното појаснување.